# Македонскиот идентитет и физиката

*Изнаоѓањето на разликите од минатото и дополнувањата со соседите може да биде од огромна полза во потврдувањето на идентитетот и во зачувувањето на името*



Ненад Новковски

Македонскиот национален идентитет доби централно место во интересот на јавноста, во врска со навестената промена на името на Република Македонија како можно решение за спорот со Грција. Иако самото пренесување на тежината од проблемот со името врз идентитетот веќе претставува отстапка кон Грција, јас овде нема да дискутирам за тоа прашање и ќе го оставам за некоја друга пригода. Тоа на што треба да му се посвети посебно внимание е изнаоѓањето на сите аргументи што треба да му одат в прилог на потврдувањето на нашата различност од соседите и на деловите од минатото од тие што кај нив се прифатени како нивни корени. Веќе го искажав ставот дека малку полза има од жестоката битка во точките што се потврдени како историско наследство на нашите соседи, иако никогаш не треба да се откажеме од тоа што било узурпирано. Уште помалку полезно, а, можеби, и крајно штетно е делењето на Македонците во Република Македонија по корените, главно на македонски Словени и на антички Македонци. Банален историски факт е дека иако заедниците на античките и на современите Македонци не се идентични, но во никој случај не се исклучуваат една со друга. Доселувањето и мешањето на населението со текот на векови во Македонија, сигурно, не е драстично поголемо од тоа што се случува во последниве векови, да речеме во Франција, каде што никој не зборува за друг идентитет освен францускиот. Оттука, нагласувањето на еден дел од македонските корени за сметка на кој и да било друг е крајно штетно за македонското себепотврдување, посебно во денешните услови, кога притисокот за промена на името е изразено голем.

Претходно веќе нагласив дека изнаоѓањето на разликите од минатото и дополнувањата со соседите може да биде од огромна полза во потврдувањето на идентитетот и зачувувањето на името. Како пример го спомнав и заедничкиот придонес на Македонците и на Елините во развојот на науката во античкиот период, со посебното место што во тоа го има Аристотел. Овде ќе изнесам едно поширoко размислување за овој елемент на надополнување на македонската и на грчката историја, кој може да биде мост на поврзување и на разбирање меѓу нашите народи и држави. За потсетување, Аристотел бил роден во 384 година пр.н.е. во Стагира, во античка Македонија. На 18-годишна возраст се запишал на Платоновата академија, каде што станал учител и независен истражувач, но ја напуштил во 347 година пр.н.е. поради нетолеранцијата на учениците на Платон, кои ја немале широчината на својот учител, кој дозволувал и поддржувал развивање спротивни позиции од неговите. Аристотел ја напуштил Атина и 12 години живеел на разни места покрај брегот на Белото Море, во северниот дел. Во тоа време Филип Македонски го поставил во траење од три години да му биде учител на неговиот син Александар. Веќе зборувавме за тоа што изучил Александар кај Аристотел и за тоа како кај нас речиси никакво внимание не му се придава на тоа. Понатаму нѐ интересира кој бил придонесот на македонците и разликата со Грците во овој дел. Откако Филип ја завладеал Атина, во 335 година пр.н.е. Аристотел се вратил во градот и го основал лицејот како конкуренција на академијата. Во таа конкуренција се создадени голем број трудови од кои до денес преживеале повеќе од две илјади страници пишуван текст. Тоа оставило длабоки траги во историјата на човештвото и до ден денес се проучуваат одново овие текстови и се водат расправи. За значењето на Аристотел за физиката може да се прочита текстот под наслов „Дали Аристотел бил првиот физичар?" од Мајкл Рован Робинсон, професор по астрофизика во лабораторијата Блекет при Империјал колеџ во Лондон, објавен на 7 јануари 2002 година во Пхсисц Њорлд. Авторот во тој текст ги отфрла вообичаените толкувања дека идеите на Аристотел биле пречка за развојот на науката и дека разликите во погледот на светот на Аристотел и на Галилео Галилеј, главно, се должат да различниот историски и физички контекст. Имено, поради ограничениот математички апарат што го имал на располагање Аристотел, тој разгледувал само рамномерни движења и не можел да ја проучува забрзувања. Така, неговото тврдење дека телата се движат со брзина пропорционална со приложената сила не се однесува на рамномерно забрзано движење под дејство на надворешна сила, кое се опишува со Њутновите закони, туку на стационарната брзина што се добива по забрзувањето на некое дело под дејство на постојана сила на која и се спротивставува триењето со подлогата (да речеме при влечење камен блок по песок) . Понатаму, вообичаено посочуваниот пример за разлика во поглед на слободното паѓање доаѓа оттаму што кај Аристотел не станува збор за слободно паѓање без отпор на средината или со занемарлив отпор, туку за паѓање низ вискозна средина, како што е водата, или за телата со мала густина и воздухот. Ова прашање било правилно проучено дури во 19 век од Штокс, кој утврдил дека силата на отпорот е пропорционална со брзината. Аристотел утврдил дека конечната брзина на телото зависи од средината и за опишување на тоа својство го употребил терминот „дебелина на средината", што денес се нарекува „вискозност на средината". Неговиот заклучок бил дека конечната брзина е обратнопропорционална со напречниот пресек на телото, додека точниот Штоксов закон утврдува дека утврдува дека таа е обратно пропорционална со радиусот.

Секако, овде нема потреба во детали да му се посвети внимание на придонесот на Аристотел за современата физика. Суштински е да се забележи дека се работи за огромен продор на човечката мисла во тоа време, кој оставил понатаму длабоки траги. Општествениот амбиент во кој тој придонес бил реализиран е нераздвојно поврзан со Македонија. Како политичкиот амбиент, така и финасиските привилегии што на Аристотел му биле обезбедени од македонската власт, биле подлога за неговото успешно дејствување. Прашање е дали Аристотел би можел да ја продолжи својата истражувачка и образовна дејност ако Филип не му обезбедил солидно платено работно ангажирање и ако не му било овозможено да се врати во Атина и да ги спротивстави своите ставови на академијата. Впрочем, во 323 година пр.н.е. по смртта на Александар, кога Македонците ја загубиле контролата над Атина, Аристотел бил принуден да го напушти градот и да замине во Мала Азија, каде што по една година починал. Ова покажува дека било речиси невозможно Аристотел да го оствари своето дело од огромно значење за нашата цивилизација, доколку не бил поддржан од македонската власт.

Како заклучок, случајот со Аристотел е еден изразен пример за посебноста на македонскиот идентитет и дополнувањето со грчкиот. Без да се навлегува во детали од историјата, утврдени или подложни на промени, недвосмислено може да се заклучи дека на човештвото му се потребни и македонскиот и грчкиот идентитет. Бришењето на кој и да било од нив и стопувањето во другиот би имало несогледливи негативни последици за иднината на човештвото. Тоа од своја страна бара властите во Грција и во Македонија да покажат многу сериозен однос кон цивилизациските вредности, а посебно кон науката што силно нѐ поврзува.

**Авторот е десноориентиран политички аналитичар**